РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24), а во врска со член 13 од Правилникот за начинот на избор и подготовка на воен и цивилен персонал на Армијата на Република Северна Македонија и вработените во Министерството за одбрана, за упатување на должности во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката бр. 01-1539/1 од 11.03.2021 година, бр. 01-4604/1 од 05.07.2021 година, бр. 01-1171/1 од 16.02.2021 година и бр. 01-733/1 од 14.02.2023 година, министерот за одбрана донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за поништување на Интерен оглас за упатување на меѓународна должност**

1. **СЕ ПОНИШТУВА** Интерниот оглас за упатување на меѓународна должност **„Штабен офицер за подготовка на сили (Force preparation), во Сојузничката команда за операции, во Врховниот штаб на Сојузничките Сили за Европа, во Монс, Кралство Белгија“** бр.04-3610/1 од 12.12.2025 година.

2. Со поништување на огласот од точка 1 на ова решение се поништуваат и правните последици кои истиот ги произвел.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 13 од Правилникот за начинот на избор и подготовка на воен и цивилен персонал на Армијата на Република Северна Македонија и вработените во Министерството за одбрана, за упатување на должности во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката бр. 01-1539/1 од 11.03.2021 година, бр. 01-4604/1 од 05.07.2021 година, бр. 01-1171/1 од 16.02.2021 година и бр. 01-733/1 од 14.02.2023 година, министерот за одбрана може да донесе решение за поништување на Интерниот оглас меѓудругото и заради утврдена повреда на постапка за избор и упатување на лица на меѓународна должност.

Имено, по повторна проверка е констатирано дека меѓународната должност за која е распишан интерниот оглас е волонтерска позиција и не е во рамките на бидувана и добиена меѓународна должност од страна на НАТО структурите, од која причина се пристапува кон поништување на интерниот оглас и запирање на постапката за избор и упатување.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Изработил: пполк. Арбен Ајрулаи
Контролирала: Елена Иванова
Согласни: Ирена Станковска
Крсте Малинковски
Одобрила: Елизабета Чуповска Ристова

**МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА**
**Владо Мисајловски**

Доставено до:
- Кабинет на министерот за одбрана;
- Генералштаб на Армијата;
- Директорат за комуникации;
- Директорат за управување со човечки ресурси, образование и обука;
- Веб страна на МО,
- Огласна табла во МО,
- Архива.